КАРАОРМАН КУП 2014

ПРАВИЛНИК ЗА ТУРНИРОТ "КАРАОРМАН КУП 2014"
Струга, 27-29.06.2014.

1. Натпреварите ќе се играат на теренот на ФК КАРАОРМАН Струга. Екипите ќе бидат поделени во три генерациски групи и тоа 2001, 2002 и 2003.
    - Генерација 2001 има три групи А, Б и Ц. Сите групи имаат по четири екипи.
    - Генерација 2002 има две групи А и Б. Двете групи имаат по пет екипи.
    - Генерација 2003 има две групи А и Б. Двете групи имаат по пет екипи.
2. Екипите во рамките на своите групи играат меѓусебно секој со секого според однапред предвидениот распоред на натпреварите по групи.
3. Натпреварите во групите се играат по бод систем. За секоја победа се добива три бода а за нерешено по еден бод. Во случај на ист број на бодови во квалификациите ќе важи прво меѓусебниот нивни дуел, потоа гол-разлика, потоа предност има оној кој има постигнато повеќе голови.
4. Понатака во четвртфиналето односно во полуфиналето ќе се пласираат:
    - Генерација 2001: првите две места од сите три групи, плус најдобрите две екипи од третопласираните од сите три групи
    - Генерација 2002: првите три пласирани екипи од сите три групи,
    - Генерација 2003 : првите три пласирани екипи од сите три групи.
5. Распоредот на натпреварите во четвртфиналето, полуфиналето и финалето е според однапред направената шема од страна на организацискиот одбор на КАРАОРМАН КУП 2014
6. Секоја екипа максимално може да има 15 играчи и тоа 8 играчи во игра (7+1). Измени на играчите можат да се вршат во текот на натпреварот неограничен број. Пријавувањето на екипата ќе се врши на посебен формулар изготвен од страна на организаторот на турнирот и ќе евидентира датум на раѓање на играчите од секоја генерација, со таа цел обврска е секој играч да има документ за идентификација, Регистарска книшка од ФФМ, или валиден Пасош. Право на играње за една екипа имаат само пријавените играчи на листата од таа екипа. Играч кој игра во една екипа не смее да игра и во друга екипа (екипа со друго име). Не е дозволено да има играчи повозрасни во помлади генерации, додека дозволено да има помлади играчи во повозрасни генерации. Доколку се констатира нарушување на ова правило натпреварот се запишува со службен резултат 3:0 во корист на противникот.
7. Се играат две полувремиња и тоа:
    - Ген. 2001, двете полувремиња траат по 20 минути,
    - Ген. 2002, двете полувремиња траат по 15 минути
    - Ген. 2003, двете полувремиња траат по 15 минути
8. Натпреварите ќе ги судат судии делегирани од ОФС Струга

9. На клупата за екипите покрај резервните фудбалери може да биде присутен само тренерот и едно техничко лице.
10. Во случај една екипа да не го одигра натпреварот или предвреме го напушти натпреварот, противничката екипа го добива натпреварот со службен резултат 3:0.
11. Во случај на нерешен резултат во натпреварите од 1/4; 1/2 и финалето ќе се игра продолжение 2x5 мин, ако и после ова нема победник, ќе се изведуваат пенали и тоа по три пенали, а после тоа по еден наизменично.
12. Организаторот го задржува правото на измена на временската рамка на натпреварите. Уплатата на котизацијата за учество на турнирот треба да се изврши најкасно до почетокот на првиот натпревар на екипата.
13. Со овој правилник ќе бидат запознаени сите екипи учесници на овој турнир

Подетални информации за распоредот на сите натпревари како и за резултатите на натпреварите на турнирот можете да ги добиете на Фејсбук страна: Караорман КУП 2014